- Konfigurimi dhe instalimi i IP telefonisë;
- Përgatitja e rrjetit për integrim në platformat akademike EDUROAM dhe EDUGAIN;
- Trajnime dhe licencime të vazhdueshme për ekipin profesional të TI-së.

## 5. Angazhimi dhe ndërlidhja me komunitetin dhe shoqërinë

Universiteti modern nuk është vetëm vend i formimit profesional, por është edhe hapësirë që mban gjallë arsyen komunikative, duke garantuar aftësinë e shoqërisë për të reflektuar mbi vetveten përmes dialogut kritik. Esenca e universitetit modern nënkupton ruajtjen e ekuilibrit midis autonomisë shkencore dhe rolit të tij si institucion i arsyes publike. Ndërveprimi i përhershëm me shoqërinë mbetet një nga përmasat qenësore të universitetit.

Universiteti i Tetovës, me punën e deritanishme, e ka dëshmuar lidhjen e përhershme dhe të natyrshme me komunitetin, aq më tepër kur historia e Universitetit të Tetovës është e lidhur fort me popullsinë shqiptare në trevat e Maqedonisë së Veriut.

Përveç rolit të vet arsimor e shkencor, Universiteti ka përgjegjësi me karakter gjithëpërfshirës, të ndërlidhur me gjetjen e zgjidhjeve ndaj problemeve ekonomike, sociale e mjedisore, që mundëson zhvillim të qëndrueshëm.

Universiteti i Tetovës e ka mision avancimin e të mësuarit, të shkathtësive, të njohurive dhe të kompetencave akademike e profesionale, që sjellin ndryshime cilësore në shoqëri, qoftë në rrafshin kombëtar apo ndërkombëtar. Kjo është një urë lidhëse mes elementeve kryesore të trekëndëshit të dijes: arsimim, kërkim shkencor, inovacion shkencor. Ky rol dhe pozicion që universiteti ka në shoqëri, e bën atë prijës në rrugën drejt zhvillimeve inovatore në planin kombëtar, rajonal e ndërkombëtar.

Për ta forcuar rolin e UT-së dhe përgjegjësinë e tij sociale ndaj komunitetit, duhet përkushtim i madh dhe gjithëpërfshirës në raport me komunitetin. Duhet të zhvillohen sa më shumë projekte dhe marrëdhënie të reja, që i mundësojnë institucionit të ketë ndikim më të madh në shoqëri.

Për arritjen e këtij objektivi gjatë mandatit trevjeçar:

- Do të hartojmë dhe zbatojmë plane veprimi për rritjen e angazhimit të UT-së me komunitetin;
- Do të krijojmë partneritete të qëndrueshme dhe afatgjata me organizata lokale, qendrore dhe me shoqërinë civile (OJQ), për shkëmbim idesh, burimesh dhe realizim projektesh të përbashkëta;
- Do të angazhohemi që Universiteti të jetë model për komunitetin.

Gjithashtu, Universiteti do të kontribuojë në kujdesin mjedisor përmes praktikave të qëndrueshme që minimizojnë ndikimin negativ në mjedis, duke reflektuar:

- Përgjegjësi ndaj mjedisit përmes kultivimit të hapësirave të gjelbra në kampus;
- Instalimin e burimeve të ripërtëritshme të energjisë;
- Promovimin e programeve për riciklim.

Në bashkëpunim me komunitetin lokal, aktivistët e sektorit civil dhe agjencitë qeveritare, do të ndërmarrim nisma të përbashkëta për praktika të qëndrueshme, duke promovuar ekuilibër ekologjik afatgjatë dhe mirëqenie sociale.

Universiteti i Tetovës gjithashtu do të mundësojë për komunitetin:

- Krijimin e hapësirave të përbashkëta;
- Shfrytëzimin e sallave të konferencave, bibliotekës dhe sallave sportive;
- Organizimin e aktiviteteve dhe punëtorive kulturore, shfaqjeve artistike, ekspozitave dhe koncerteve.

Këto aktivitete e bëjnë Universitetin më pranë dhe më të qasshëm për komunitetin.

Universiteti do të vazhdojë të organizojë:

- Ngjarje të hapura për publikun, krahas atyre me karakter shkencor si konferenca dhe seminare;
- Debate publike për tema me rëndësi shoqërore, duke nxitur dialogun dhe ndërgjegjësimin e komunitetit.

Globalizimi, si proces i paevitueshëm, sjell dobi, por edhe sfida të mëdha. Ne jemi të përfshirë në këtë proces, njëkohësisht jemi të fokusuar edhe në promovimin e vlerave kombëtare në arsim, shkencë e kulturë.

Promovimi artit dhe i kulturës në përgjithësi, por sidomos i artit dhe kulturës kombëtare shqiptare, është i rrënjosur thellë në kolonat ndërtuese të Universitetit, prandaj, gjatë mandatit trevjeçar, do t'i kushtohet kujdes i veçantë:

- Përpilimit të planeve të punës për organizimin dhe realizimin e aktiviteteve që promovojnë artin dhe kulturën kombëtare;
- Shënimit të datave me rëndësi të veçantë historike e kombëtare;
- Hapjes së ekspozitave;
- Promovimit të artistëve shqiptarë;
- Promovimit të veprave artistike;
- Bashkëpunimeve në rrafshin mbarëshqiptar.

Gjatë mandatit trevjeçar, Universiteti i Tetovës do të investojë në

ruajtjen dhe kultivimin e trashëgimisë historike dhe kulturore, duke u kushtuar kujdes të veçantë:

- Objekteve të ofruara nga qytetarët si mësonjëtoret e para gjatë themelimit të Universitetit;
- Konservimit të materialeve historike;
- Funksionalizimit të Muzeut të Universitetit;
- Ruajtjes së kujtimit për dëshmorin e arsimit Abdylselam Emini, themeluesit dhe Rektorit të parë Prof. Dr. Fadil Sulejmani dhe dëshmorëve të tjerë që kontribuuan në themelimin dhe zhvillimin e Universitetit;
- Komunitetit lokal që ka dhënë kontribut të vazhdueshëm në funksionalizimin e Universitetit që nga ditët e para e deri më sot.

Në misionin tonë për të promovuar dhe inkurajuar dialogun përmes aktiviteteve dhe debateve publike, do të angazhohemi maksimalisht:

- Në promovimin e vlerave evropiane;
- Për demokratizimin e shoqërisë;
- Për mbrojtjen e lirisë së fjalës dhe mendimit;
- Për garantimin e lirisë akademike dhe të hulumtimit, duke respektuar parimet e etikës;
- Për forcimin e një shoqërie civile aktive, të bazuar në tolerancë, mendim kritik, respekt për barazinë dhe diversitetin.

Rrugëtimi ynë për t'u bërë pjesë e familjes së vendeve të Bashkimit Evropian ende vazhdon, por pritet që në të ardhmen të bëhet realitet. Prandaj, ngulitja e vlerave evropiane në shoqërinë tonë është një domosdoshmëri e kohës, sepse vetëm kështu do të formojmë qytetarët evropianë të së ardhmes.

Hartimi dhe zhvillimi i programeve për përfshirjen e komunitetit është pikë kyçe në planin aksionar për forcimin e pozitës së Universitetit të Tetovës në shoqëri. Këto programe do të synojnë ofrimin e ekspertizës në fusha të ndryshme, për të ndihmuar komunitetin në përballimin e sfidave aktuale. Në realizimin e tyre do të përfshihen stafi profesional e akademik dhe studentët.

Aktivitetet do të përfshijnë:

- Shërbime konsulence, trajnime dhe seminare;
- Projekte shoqërore dhe humanitare;
- Fushata sensibilizuese dhe aktivitete me impakt social.

Universiteti tashmë ka krijuar traditë në këtë drejtim, përmes organizimit të aktiviteteve si:

- Shënimin e Ditës së Shëndetësisë.
- Aksionet e dhurimit të gjakut.
- Nismat humanitare dhe sociale.

Si qendër e dijes, Universiteti i Tetovës do të përfshihet në mënyrë aktive në krijimin e politikave strategjike me interes kombëtar dhe shtetëror, duke i ofruar kapacitetet të cilat i zotërojmë, si:

- Profesorë të mirafirmuar dhe ekspertë të fushave të ndryshme;
- Mundësi për realizimin e hulumtimeve të specializuara dhe analizave të thelluara në fusha të caktuara, rezultatet e të cilave mund të shërbejnë më pas si bazë për hartimin e planeve strategjike dhe politikave të ndryshme të vendimmarrjes;
- Mundësi shkëmbimi të ideve mes ekspertësh;
- Këmbim përvojash në nivel ndërkombëtar nëpërmjet organizimit të simpoziumeve, kongreseve, konferencave dhe bashkëpunimeve të tjera me synimin e shpalosjes së rezultateve të bazuara në ekspertizën e specializuar.

Prioritete gjatë mandatit trevjeçar do të jenë:

• **TV në internet:** Do të realizohet në bashkëpunim mes fakultetesh, duke u ardhur në ndihmë studentëve të gazetarisë, regjisë, montazhit dhe aktrimit, për të fituar përvojë praktike.

• **Kopshti universitar:** do të themelohet në kuadër të Fakultetit Pedagogjik, me programe dhe metoda bashkëkohore për edukimin parashkollor, duke ofruar qëndrim tërëditor për fëmijët e moshës parashkollore.

• **Dhoma terapeutike:** do të krijohet për edukim praktik të studentëve dhe mbështetje të fëmijëve me nevoja të veçanta (çrregullime të spektrit autik, dëmtime të shikimit, vështirësi motorike dhe të të nxënit), duke ofruar ndihmë për familjet e komunitetit.

Universiteti i Tetovës do të vazhdojë të investojë në infrastrukturë, pajisje, teknologji dhe ekspertizë për qendrat që tashmë funksionojnë:

• **Qendra për Paqe dhe Komunikim Transkulturor:** do të rrisë kapacitetet e hulumtimeve të pavarura mbi politikat publike në fushën e sigurisë rajonale dhe ndërkombëtare.

• **Qendra për Gjuhë të Huaja:** do të ofrojë aftësim dhe avancim në gjuhë të ndryshme për studentët, stafin akademik dhe komunitetin, si dhe lehtësim të qasjeve për testime ndërkombëtare.

• **Qendra për Arsimimin e të Rriturve dhe Trajnime Profesionale:** do të themelohet si bartëse e reformave dhe ndryshimeve në arsim dhe fusha të tjera profesionale.

*Arritja e qëllimeve dhe objektivave të prioriteteve strategjike të Programit të punës së Rektorit, për periudhën 2026–2029, do të sigurohet përmes përpilimit të planeve aksionare, ku do të përcaktohen qartë realizuesit, aktivitetet dhe afatet e realizimit.*

# II. PËRFUNDIMI

Koncepti dhe misioni i universitetit publik përfshin disa dimensione. Në kuptimin më të gjerë, misioni i tij është të ofrojë dije, reflektim kritik dhe debat mbi çështjet themelore të shoqërisë. Institucionet e arsimit të lartë duhet të jenë aktive dhe të përshtaten me zhvillimet shoqërore, ekonomike dhe teknologjike.

Për konsolidim të plotë, koncepti dhe misioni i universiteteve duhet të strukturohen në përputhje me Procesin e Bolonjës, si hapësirë reformash dhe përpjekjesh për krijimin e një Hapësire Evropiane të Arsimit të Lartë. Ky proces është thelbësor për mobilitetin studentor, bashkëpunimin akademik ndërkufitar dhe njohjen e ndërsjellë të kualifikimeve. Ai ofron gjithashtu dialog mbi parimet e përbashkëta akademike, si pavarësia e universiteteve dhe pjesëmarrja e studentëve në jetën shoqërore.

Në këtë drejtim, edhe kërkesat e Klasterit 3 të negociatave me Bashkimin Evropian mbeten jetike për konsolidimin e vizionit gjithëpërfshirës të universitetit dhe për krijimin e një mjedisi të favorshëm për zbatimin e praktikave më të mira evropiane.

Universiteti i Tetovës, përmes qasjes holistike dhe bashkëpunuese me studentët, stafin akademik, administrativ e teknik, si dhe palët e interesuara, do të vazhdojë të mbetet i fokusuar në realizimin e vizionit të tij: jetësimin e idealeve kombëtare dhe vlerave bashkëkohore në arsim, shkencë dhe kulturë, me qëllim zhvillimin e gjeneratave të ardhshme.

Gjatë tre viteve të ardhshme, një ndër prioritetet kryesore do të jetë përcaktimi i qëllimit gjithëpërfshirës dhe afatgjatë të Universitetit, duke siguruar që çdo nismë të mbështesë vlerat themelore të institucionit.

Përmes ndërtimit të strategjisë dhjetëvjeçare, aktivitetet e ardhshme do të harmonizohen me vizionin e Universitetit.

Barazia gjinore do të trajtohet si përparësi transversale, e integruar në të gjitha prioritetet strategjike.

Mbështetja e vazhdueshme do të orientohet drejt zhvillimit akademik të stafit dhe studentëve, si dhe garantimit të lirisë akademike. Do të ofrohen programe, seminare dhe punëtori për zhvillim profesional, duke i përditësuar me praktikat më të mira në mësimdhënie dhe kërkim shkencor.

Studentët do të mbeten partneri më i fuqishëm i Universitetit. Për këtë arsye, gjatë mandatit trevjeçar do të përforcohet përfshirja e tyre në organet vendimmarrëse; do të krijohen kurrikula që nxisin

gjithëpërfshirjen, diversitetin dhe ndjenjën e përkatësisë; do të zhvillohen kapacitetet për karrierë dhe do të funksionalizohet asociacioni ALUMNI; do të promovohet shkëmbimi i përvojave me universitete jashtë vendit; do të sigurohet mbështetje për aktivitete kulturore, sportive dhe jashtëmësimore; do të ofrohen programe orientuese, bursa dhe shërbime mjekësore përmes poliklinikës studentore dhe do të rriten mundësitë për praktikë në laboratorë dhe institucione përkatëse.

Këto masa do të garantojnë rritjen e standardit studentor dhe krijimin e një mjedisi që promovon përsosmëri akademike, zhvillim praktik dhe profesional.

Ndërkombëtarizimi mbetet prioritet i rëndësishëm, duke nxitur kompetenca globale, cilësi në arsim, kërkim dhe inovacion. Zgjerimi i partneriteteve dhe mobilitetit do të mundësojë bashkëpunime ndërkulturore, dialog dhe respekt të ndërsjellë, si dhe përgatitjen e studentëve për një botë të globalizuar.

Universiteti do të vazhdojë të mbështesë kërkimin shkencor përmes infrastrukturës së qëndrueshme, burimeve teknologjike dhe politikave të qarta kërkimore. Funksionalizimi i Parkut Teknologjik do të jetë një nga objektivat kryesore.

Objektivi ynë mbetet digjitalizimi i plotë, duke investuar në teknologji informative për përmirësimin e mësimdhënies, rritjen e aftësive kërkimore dhe optimizimin e proceseve administrative.

Universiteti i Tetovës do të forcojë marrëdhëniet me komunitetin, organizatat joqeveritare dhe qeveritare, si dhe aktorët e shoqërisë civile. Krahas promovimit të artit dhe kulturës, do të vazhdojmë të jemi të angazhuar në mbrojtjen e lirisë së fjalës dhe nxitjen e mendimit kritik, me qëllim ndërtimin e një shoqërie civile aktive.

# D E K L A R A T Ë

Unë Jusuf Zejneli, deklaroj publikisht dhe me përgjegjësi të plotë se, nëse më jepet
besimi si Rektor i Universitetit të Tetovës në mandatin e ardhshëm trevjeçar, do të punoj
me nder dhe përkushtim të plotë, në asnjë rast nuk do të abuzoj me punën time dhe me
transparencën më të madhe do të jem në shërbim të studentëve, të stafit akademik dhe
Universitetit të Tetovës në tërësi.

***I bekuar qoftë Universiteti i Tetovës!***

Kandidati për Rektor
Prof. Dr. Jusuf Zejneli

Tetovë, 2026

# РАБОТНА ПРОГРАМА НА КАНДИДАТОТ ЗА РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО

## ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД: 2026 – 2029 г.

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........................................ **39**

**I. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ** ........................................ **42**

**1. Зајакнување на академскиот развој и механизмите за квалитет** ........................................ **42**

**2. Студентско искуство и благосостојба со современи стандарди** ........................................ **48**

**3. Интернационализација и поттикнување на академската мобилност** ........................................ **51**

**4. Научно истражување, универзитетска инфраструктура, ИТ и дигитализација** ........................................ **55**

**5. Ангажман и поврзаност со заедницата и општеството** ........................................ **63**

**II. ЗАКЛУЧОК** ........................................ **68**

**Д Е К Л А Р А Ц И Ј А** ........................................ **70**

## ВОВЕД

Универзитетот во Тетово, како центар на знаењето, научноистражувачката работа и општествената ангажираност, ги отелотворува националните идеали и современите вредности во образованието, културата и науката, при што носи одговорност за поттикнување на создавањето, развојот и унапредувањето на академските и професионалните компетенции на кадарот и студентите.

Преку своите повеќедимензионални улоги, Универзитетот има цел да придонесе кон општествените трансформации преку поттикнување на иновациите, зајакнување на критичкото мислење и подготовка на младите да станат лидери, носители на промени и активни придонесувачи во изградбата на едно пофер и поразвиено општество, како на национално, така и на меѓународно ниво.

Препознавањето и прифаќањето на клучната улога на наставниците како промотори на развојот на процесите, го воспоставуваат Универзитетот во Тетово како поттикнувач на позитивни промени и придонесувач кон просперитетна и одржлива иднина за сите. Освен унапредување на академските звања ќе бидат понудени и механизми за поддршка и бројни можности за зголемување на наставните компетенции, но и за нивниот академски и професионален развој.

Негувањето на етичките вредности, еднаквоста, интегритетот, промоцијата на различностите, студентскиот стандард и толеранцијата, се примарни цели на Универзитетот. Ние сме ориентирани да понудиме сеопфатни услуги за поддршка на студентите за да се создаде поддржувачка средина која ја негува студентската благосостојба, ангажираност, еднаквите можности за развој на професионалните компетенции и реално активно учество во органите за донесување одлуки на Универзитетот.

Процесот на Болоња претставува еден од најважните трансформации во европското високо образование. Овој процес има цел создавање европски простор за високо образование, каде што студентите, професорите и научните истражувачи ќе имаат можност за слободно движење, меѓусебно признавање на дипломите и развој на заедничка академска култура. Во овој контекст, Болоњскиот процесза нас претставува можност за модернизација на високото образование, за подобрување на квалитетот на студиите и за интеграција во европските стандарди.

Токму во оваа рамка на европски стандарди, длабоко веруваме дека зајакнувањето и континуираното проширување на стратешките соработки со академските институции и со релевантните засегнати страни, вклучувајќи соработки и партнерства со компании, културни институции, владини и невладини организации на национално и меѓународно ниво, значително ќе го зајакне ангажманот на универзитетската заедница во заеднички истражувачки

проекти, програми за размена и развојни иницијативи. Овие партнерства ќе овозможат ефективен трансфер на знаења и искуства, нудејќи им на наставниците и студентите изложеност на нови перспективи, современи методологии и најдобри практики на национално и меѓународно ниво.

Продолжувањето со поддршка на средината која промовира образовно-научна активност, дигитализацијата на услугите придонесува за унапредување на знаењето и затоа го зголемува академскиот углед на нашиот Универзитет на национално и меѓународно ниво.

Со цел да се исполнат објективите за усогласување со Европската Унија, во согласност со кластер 3 од преговорите со ЕУ, во областа на образованието и истражувањето, ќе се стремиме кон хармонизација на квалификациите со европската рамка на квалификации (EQF). Длабоко веруваме дека оваа хармонизација не само што придонесува за споредливост на дипломите и олеснување на мобилноста на студентите во европскиот простор за високо образование, туку и поставува темели за транспарентност и квалитет во универзитетското образование.

Поврзувањето на академското учење со практичната примена на знаењето ќе се зајакне преку модернизација на наставните методи, негувањето на културата на научно истражување, проширување на практичната настава и акредитација на постојните лаборатории. Исто така, ќе се обезбедат финансиски ресурси и стимулативни механизми за реализација на истражувачки проекти, со постојана цел за зголемување на научното и општественото влијание на Универзитетот.

Веќе, по 30 години работа и сеопфатен и континуиран ангажман, Универзитетот во Тетово се има консолидирано како вистински центар на високото образование и научното истражување, не само во Северна Македонија, туку и во Регионот. Разновидноста на студиските програми претставува една од нашите препознатливи карактеристики. Како мултидисциплинарен универзитет, поседуваме исклучителен потенцијал за развој на иновативни истражувања и за промовирање на нивната примена на пазарот на трудот и во општествениот развој воопшто.

Оваа програма ја претставува рамката за тригодишниот развој на Универзитетот, јасно утврдувајќи ја стратешката насока и основните приоритети на институционалното дејствување. Ова структурирање и консолидирање се темели на пет клучни стратешки приоритети:

1. зајакнување на академскиот развој и механизмите за квалитет;
2. студентско искуство и благосостојба со современи стандарди;
3. Интернационализација и поттикнување на академската мобилност;
4. научно истражување, инфраструктура, информатичка технологија и дигитализација;
5. нгажман и поврзување со заедницата и општеството.

Овие приоритети се главните столбови врз кои ќе се гради одржливиот развој и модернизацијата на Универзитетот во текот на тригодишниот мандат.+

Оваа програма ги опфаќа визијата, мисијата и принципот на институционална одговорност на Универзитетот во Тетово, јасно одразувајќи ја неговата стратешка ориентација.

# I. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

## 1. Зајакнување на академскиот развој и механизмите за квалитет

Стратешките приоритети ја создаваат концептуалната рамка за редимензионирање на Универзитетот во согласност со современите европски динамики и со очекувањата за воспоставување функционалност којашто одговара на модернизациските предизвици во областа на високото образование. Примарната цел ќе биде зајакнување и унапредување на механизмите за зголемување на квалитетот и ефикасноста на услугите што ги нуди Универзитетот, преку имплементација на стандардите утврдени за обезбедување квалитет во европскиот простор за високо образование.

Процесот на обезбедување квалитет ќе биде насочен кон подобрување на учењето на студентите, унапредување на квалитетот на студиските програми, континуиран академски развој, како и грижа за благосостојбата и студентскиот стандард.

Особено значење ќе се посвети на јасното дефинирање на димензиите на академскиот развој на кадарот и на студентите, преку зајакнување на нивните академски и професионални компетенции и вештини во соодветните области на студии, во целосна согласност со современите научни барања и развој.

Преку оваа суштинска премиса ќе се овозможи гарантирање доследна примена на стандардите, нормите и организациските правила за квалитетно извршување на универзитетската дејност.

За суштинското вреднување на овој стратешки приоритет, клучни ќе бидат:

- зајакнување на академската слобода преку негување на слободата на изразување и критичкото размислување;
- гарантирање автономијата во научноистражувачката работа и примената на нејзините резултати;
- заштита и унапредување на академскиот напредок на студентите и на кадарот;
- континуирано подобрување на дидактичките средства и содржините на наставните материјали;
- доделување академски и научни звања во согласност со важечкото законодавство;
- поддршка на професионалниот развој и напредокот во наставно-научните позиции во сите законски утврдени фази, со почитување на принципите на еднаквост, меритократија и недискриминација, во однос на критериумите што го гарантираат квалитетот.

***Зајакнување на академскиот развој***

Напредокот и духот на квалитативна консолидација на еден универзитет се определуваат преку зајакнување и развој на соодветните професионални компетенции на академскиот кадар и на студентите. Научните достигнувања во современиот период се бројни, а промените во барањата за академски компетенции и вештини се континуирани, поради што потребата за прилагодување на овие промени – како кај академскиот кадар, така и кај студиските програми и компетенциите на студентите – претставува неопходност за функционирањето на универзитетската дејност.

Академската слобода претставува клучна димензија во визијата и концептот на современите универзитети, која реално се јавува како наследена и неприкосновена вредност. Академската слобода подразбира право да се бара вистината и да се следи научното истражување според стандардите на научните методи. Таа е неразделно поврзана со академската одговорност и со мисијата на Универзитетот за создавање, зачувување и за ширење на знаењето.

Академскиот развој е силно поврзан со академската слобода и критичкото размислување, што на академскиот кадар и на студентите им овозможува целосна слобода и институционална поддршка за спроведување научноистражувачка работа, за обезбедување на потребните работни средства и наставни содржини, како и за континуиран напредок во академски и научни звања, истовремено почитувајќи ги критериумите за избор во различните наставни позиции, со целосна гаранција за академска еднаквост.

Во последната деценија на Универзитетот во Тетово академскиот кадар е избран во наставно-научни звања во одредени законски рокови и е поддржан во развојот на академските компетенции преку обуки, научни конференции и различни проекти, давајќи им можност да бидат дел од сите активности во рамките на Универзитетот, поточно на академските единици. Академската слобода и изразувањето беа важен дел во креирањето на наставните програми, употребата на литературата и реализацијата на сите наставни планови и е реализирана правично и без разлика на пол, етничка припадност, верска припадност и возраст. Електронскиот систем овозможува дигитализација на документите, учењето, оценувањето и научните трудови, а како резултат на тоа е олеснета административната работа на академскиот кадар.

Максимизирањето на функцијата на академските единици во одлучувањето и рамноправното вклучување на кадарот во различни активности на институцијата, унапредувањето во наставно-научните звања, еднаквоста при плаќањата за академска работа и емоционалната и нормативната инклузија на академскиот кадар е една од силните предности низ годините. Универзитетот е ангажиран во евалуација и во континуираното подобрување на студиските програми, развивајќи ги и прегледувајќи ги програмите за да се осигура дека

тие ги исполнуваат најновите образовни стандарди.

Во меѓувреме, пред брзите промени на пазарот на трудот, особено под влијание на технолошките развојни процеси, примарен предизвик останува континуираната хармонизација на универзитетските програми со овие нови динамики.

Тековните студиски програми се креирани земајќи ги предвид препораките од анализата на пазарот за компетенциите на идните вработени. Во оваа насока е обезбедено креирање на студиските програми во согасност со барањата на пазарот. Во процесот на акредитацијата на студиските програми за прв, втор и за трет циклус, академскиот кадар е вклучен во дизајнирањето на сите научно-образовни содржини, во согласност со соодветните области во кои се избрани.

На почетокот на тригодишниот мандат ќе се покрене дискусија за секоја идентификувана област за подобрување и за промовирање долгорочно планирање и одржливост, но и придвижување низ предизвиците, со цел да се искористат можностите за раст и успех. Развојот на 10-годишната стратегија на Универзитетот ќе ги канализира одлуките и делата за остварување на мисијата и визијата на Универзитетот.

Наспроти позитивниот развој на институцијата и нејзините академски единици е потребна интервенција во стимулирање и во зголемување на компетенциите на академскиот кадар за реализација на наставно-научниот процес, но и за зголемување на распространетоста на студентските активности за да се обезбеди квалитет на наставата и за чување на високите академски стандарди. Нашиот фокус во текот на следните три години ќе биде на решавање на бариерите со кои се соочува женската академска заедница во Универзитетот и да се создадат насоки за нивно професионално напредување во рамките на Универзитетот.

***План на дејноста во тригодишниот мандат:***

- Негување на универзитетската автономија и академската слобода, со гарантирање на институционална независност и преку создавање слободна средина за критичко размислување и научно истражување.
- Унапредување на условите за реализација на наставно-научниот процес во сите академски единици, преку максимално користење на постојните простории на Универзитетот и создавање нови простори што го поддржуваат академскиот и истражувачкиот развој.
- Создавање мултидисциплинарни програми во согласност со современите стандарди, преку интегрирање различни области на знаење, со цел подготовка на поопспособени и поконкурентни студенти на пазарот на трудот.

- Акредитација на програми со двојни дипломи (Joint Degree), во соработка со меѓународни партнерски универзитети, со цел зголемување на академската мобилност и можностите на студентите на глобално ниво.
- Акредитација на професионални студиски програми (60 – 120 ЕКТС), усогласени со европските универзитети, со цел обезбедување квалитет и усогласеност со стандардите на високото образование во ЕУ.
- Активна улога во обезбедувањето јасни правила и критериуми за финансирање на високото образование во јавните институции, како и гарантирање финансиска автономија за јавните универзитети.
- Обезбедување подобри плати од буџетски средства за вработените ангажирани во научноистражувачката дејност на Универзитетот, со вреднување на нивниот академски придонес.
- Пополнување на работните места со компетентен академски кадар и континуирано ангажирање за решавање на статусот на вработените со скратено работно време, со цел обезбедување стабилност и квалитет во наставно-научниот процес.
- Напредување во наставно-научни звања, со целосно почитување на законските и административните критериуми и процедури, со цел обезбедување транспарентност и меритократија во развојот на академската кариера.
- Вклучување на докажан кадар од земјата и од странство за споделување академски и научни искуства, поттикнување меѓународна соработка и збогатување на наставните и истражувачките практики.
- Овозможување можности за професионален развој на академскиот кадар преку специјализирани обуки за користење современи наставни методи и развој на академски вештини.
- Прецизно утврдување на коефициентот на академска перформанса како стимулативен и мотивациски механизам за зголемување на квалитетот во наставата и научното истражување.
- Менторство и поддршка на младиот кадар за нивна успешна интеграција во академскиот процес и развој на професионалната кариера.
- Зајакнување на капацитетите за управување со човечки ресурси на Универзитетот преку поефикасни структури за регрутација, развој и за евалуација на кадарот.
- Поддршка за обука и за континуирано усовршување на административниот, кадар со цел зголемување на ефикасноста и професионализмот во универзитетските услуги.
- Обезбедување современа литература за поддршка на наставниот и на истражувачкиот процес, како и обезбедување ажурирани и релевантни извори за студентите и за академскиот кадар.

- Промовирањеродова еднаквост преку поттикнување на унапредувањето на жените на раководни позиции во академските единици, центри на Универзитетот и административни позиции.
- Унапредување на програмите за размена на кадар и студенти преку создавање можности за меѓународна мобилност и користење глобални академски искуства.
- Организирање специјализирани обуки со цел зголемување на компетенциите на академскиот кадар за изработка на квалитетни научни трудови и објавување во меѓународно признати списанија.
- Вклучување на истакнатите студенти во наставниот процес за поттикнување на нивна активна ангажираност и создавање култура на академска соработка.
- Поддршка на практичната работа на студентите и зајакнување на техничко-лабораториските капацитети за овозможување практични вежби во рамки на повеќе студиски програми.

***Обезбедување механизми за квалитет***

Обезбедувањето на квалитетот во еден современ универзитет претставува континуиран процес на рефлексија, евалуација и подобрување што ги гарантираат академскиот интегритет и општествената релевантност на институцијата. Обезбедувањето квалитет не се ограничува само на формални процедури или административни механизми, туку прераснува во институционална култура која ја опфаќа наставата, научното истражување и универзитетското управување. Со јасни стандарди, транспарентност, отчетност и вклученост на студентите и кадарот, обезбедувањето на квалитетот ја зајакнува јавната доверба и ја легитимира универзитетската автономија. Во суштина, обезбедувањето квалитет подразбира гаранција дека Универзитетот ќе остане простор на доверливо знаење, критичко размислување и одржлив развој, при што се усогласува академската слобода со институционалната одговорност.

Културата на квалитетот на Универзитетот помага да се всади гордост, сопственост и колективна одговорност кон сите членови на академската заедница, како и да придонесе за зголемување на квалитетот и општата репутација на институцијата. Развојот на оваа култура, артикулирана во сите области на дејствување на сите членовите на академската заедница, го зајакнува спроведувањето на мисијата и целите Универзитетот, отсликувајќи го како промотор на промените на национално и на меѓународно ниво.

Тенденцијата за обезбедување квалитет на Универзитетот е позната преку реализација на низа функционални активности во последните десет години. Формирањето на Одделот за управувањето со квалитет и евалуацијата,

континуирано ја поддржува проценатата на квалитетот во Универзитетот, реализиран преку процедурите за евалуација на студиските програми и академскиот кадар врз основа на дејностите и стандардите за обезбедување квалитет кои се одобрени со Законот за високо образование, како и од релевантните европски институции. Во секоја академска единица на Универзитетот, преку процесот на самоевалуација, обезбедено е континуирано усогласување на стандардите за квалитет. Самоевалуацијата на академските единици на Универзитетот, како и реализацијата на екстерното оценување, се показатели за посветеност за зголемување и унапредување на квалитетот на Универзитетот.

Собраните податоци, комбинирани со евалуацијата на студентите преку анкетирање, служат како референтна точка за понатамошно унапредување на квалитетот на институцијата.

План за дејноста во тригодишниот мандат:

- зајакнување и одржливост на културата на квалитетот во однос на исполнувањето на должностите и професионалните и студентските одговорности;
- креирање десетгодишна стратегија на Универзитетот;
- имплементација на меѓународно прифатени стандарди во областа на квалитетот;
- продолжување на внатрешната самоевалуација (на академските единици и на Универзитетот) и организација на надворешна евалуација;
- ажурирање и прилагодување на мерните инструменти за квалитет;
- унапредување на наставните методи и стратегии, како и на современи дидактички алатки/материјали;
- подобрување на позицијата во меѓународните рангирања;
- обезбедување ефективно оценување на резултатите од учењето на студентите;

## 2. Студентско искуство и благосостојба со современи стандарди

Во концептот на современиот универзитет, студентите се во срцето на академската мисија — не како пасивни приматели на знаење, туку како негови ко-креатори и активни партнери во институционалниот живот. Во согласност со европскиот модел на универзитет ориентиран кон студентот, тие претставуваат интегрален дел од академската заедница и активно придонесуваат во обликувањето на квалитетот на студиите преку учество во процесите на одлучување. Обезбедувањето квалитетни студии, заштитата на студентските права и континуираното унапредување на студентскиот стандард, се темелни компоненти на институционалната одговорност. Во рамките на оваа концепција на студентска автономија и на академска демократија, се развиваат механизми што ги зајакнуваат квалитетот, транспарентноста и виталноста на Универзитетот како динамична и креативна заедница на знаење.

Во таа насока, целиме кон унапредување на студентскиот стандард, квалитетот на студентскиот живот и студиите, во сите области утврдени со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот, што ќе овозможи непречено и редовно напредување во текот на студирањето.

Оваа цел, истовремено, ги вклучува сите стандарди воспоставени за да се обезбеди квалитет на животот на студентите за време на студиите. Главните сегменти кои бараат внимание се: механизмите за управување на институцијата и на академските единици, почитувањето на достоинството и личноста на студентот низ сите фази во текот на студирањето, поддршката со стипендии, вклучувањето во процесите на донесувањето одлуки на Универзитетот и во користењето на научните податоци, книгите, просториите, стручната опрема и универзитетска инфраструктура. Ова се силни показатели за висок студентски стандард.

Универзитетот во Тетовово постојано ги поддржуваше студентите со стипендии во првиот и вториот циклус, ослободувајќи ги од плаќање на студиите. Покрај стипендиите за одличните студенти, Универзитетот обезбедува и стипендии за следниве категории:

- социјално загрозени,
- деца без родителска грижа,
- воени инвалиди со попреченост,
- деца од родители со одреден степен на попреченост,
- студенти со попреченост и сл.

Последователно, на студентите им беше овозможено и патување за практичната работа во странство, пристап до органите за одлучување и сите простории на Универзитетот. Тие се вклучени во научни и рекреативни воннаставни активности. Во голема мера се придава големо значење на почитувањето на правата во текот на процесот на учењето, евалуацијата на

знаењето и еднаквиот третман на искажувањето на претставките.

На студентите им е олеснет процесот на комуникација со Универзитетот и тие имаат право да ги пријавуваат сите прашања што се поврзани со заштитата и унапредувањето на нивното достоинство и личниот интегритет.

Благодарение на меѓуинституционалните договори, на студентите им се обезбедени дополнителни стипендии, можности за вработување и поддршка во развојот на нивната кариера.

***Акционен план во тригодишниот мандат:***

- Зголемување на можностите за инклузивно образование, еднаквост, недискриминација и унапредување на граѓанските компетенции.
- Грижа за достоинството на студентот во сите можни контексти за време на студиите и унапредување на институционалните механизми за заштита на студентите.
- Продолжување на поддршката со стипендии за истакнати студенти и други социјални категории и зголемени ресурси за студентска поддршка.
- Посветеност за безбедна и инклузивна средина во кампусот на Универзитетот.
- Соработка со сите институции за подобрување на студентскиот стандард.
- Поддршка на функционирањето на телата на студентските собранија.
- Сеопфатна ориентациска програма за нови студенти (информации во врска со кампусот, услуги за поддршка, академски барања и можности за воннаставни активности).
- Организирање различни обуки и работилници, како и обезбедување туторско учење.
- Обезбедување можности за личен и професионален развој за сите студенти, зајакнувајќи ги капацитетите на Центарот за кариера.
- Унапредување на соодветните услови за вклучување во студирањето на студентите со попреченост.
- Следење на професионалниот развој преку здружението АЛУМНИ, вклучувајќи ги дипломираните во сите циклуси.
- Вклучување на студентите во спортски активности, со основање на клубовите за футсал и шах. • Зголемување на можностите и поддршката за студентска практика.
- Поддршка на истражувачки проекти, списанија, конференции и студентскиот активизам, продолжувајќи ја традицијата на организирање меѓународни студентски конференции.
- Обезбедување медицински услуги преку работењето на студентската поликлиника.
- Професионална ориентација на студентите во одредени неопходни научни области

- за институцијата и за општеството.
- Зголемување на социјалното влијание и општествената одговорност.
- Програма за ориентација и за поддршка на странски студенти.
- Вклучување на студентите во изработката на наставните програми.
- Обезбедување предуслови за реализирање на наставата на далечина.

Постигнувањето на овие цели и задачи ќе се утврди врз основа на составувањето на акциони планови со дефинирање на спроведувачите, активностите и рокот за спроведување, како и во целосно партнерство со Агенцијата за квалитет во високото образование, Здружението на европски универзитети, Магна карта, Националниот совет за високо образование, Одборот за акредитација, Министерство за образование и наука, други ресорни министерства и институции, државни и приватни клиники и болници, домашни образовни институции и во странство, приватни компании, национални (не) владини и меѓународни организации.

Оваа соработка ќе ги унапреди и ќе ги обнови институционалните врски, обезбедувајќи основа за реализација на стратешките цели.

## 3. Интернационализација и поттикнување на академската мобилност

Меѓународната соработка и академската размена претставуваат темелна димензија на идентитетот и развојот на Универзитетот во Тетово, претворајќи го во отворен простор на знаење. Преку партнерства со престижни институции, заеднички истражувачки проекти и програми за размена, Универзитетот го проширува својот академски хоризонт, го унапредува квалитетот и го зајакнува своето присуство во европскиот простор на високото образование. Во контекст на европската интеграција на Северна Македонија, интернационализацијата се јавува како стратешки и морален императив, кој поттикнува разновидност, демократско глобално граѓанство и меѓукултурен дијалог. Овој пристап го позиционира Универзитетот не само како центар на академска извонредност, туку и како активен фактор во промовирањето на мирот, меѓусебното разбирање и одржливиот развој во Регионот и пошироко.

Во оваа насока, како категоричен императив, пред себе ја поставуваме премисата за реконфигурирање на самата парадигма и концептот на Универзитетот во согласност со Болоњскиот процес, европските стандарди за квалитетот и барањата од кластер 3 од преговорите со Европската Унија.

Историјата на Универзитетот во Тетово е доказ за одлучувачката улога што ја одигра меѓународна соработка во нејзиниот развој и раст. Со текот на годините, Универзитетот во Тетово има создадено партнерства и соработки со многу универзитети и организации низ светот. Овие соработки му овозможија на Универзитетот да има пристап до ресурси и експертиза кои инаку би можеле да не бидат достапни, и да се сподели сопственото знаење и искуство со другите. Преку заедничките истражувања, програмите за академска размена и други иницијативи, Универзитетот успеа да ги прошири своите хоризонти и да го продлабочи своето влијание, како на локално ниво така и пошироко.

За еден универзитет лоциран во Северна Македонија, меѓународната соработка не е само стратешки императив, туку и морален императив. Покрај тоа, меѓународната соработка му овозможи на Универзитетот во Тетово да привлече и да задржи талентирани наставници и студенти од целиот свет, зголемувајќи ја различноста и енергичноста на неговата академска заедница. Универзитетот поттикна чувство за глобално демократско граѓанство и ги подготви своите дипломци да напредуваат во овој поврзан свет. Ја знаеме и трансформативната моќ на културната размена како средство за промовирање на разбирањето, толеранцијата и меѓусебното почитување. Преку дружба со луѓе од различна култура, различни позадини и перспективи, ние ги прошируваме нашите хоризонти и добиваме понијансирано разбирање на светот околу нас.

Во овој контекст, меѓународната соработка ја гледаме како суштинска вредност што ја поддржува нашата институционална мисија и визија. Ние сме посветени да изградиме култура на соработка, иновации и извонредност што ги надминува националните граници и поттикнува создавање нови знаења, идеи и партнерства. Прифаќајќи ја оваа визија и работејќи во соработка со нашите меѓународни партнери, имаме цел да дадеме позитивен придонес за нашите заедници, нашата земја и светот воопшто.

Меѓународната соработка е клучен столб на мисијата и визијата на Универзитетот во Тетово. Преку своите партнерства со универзитети ширум светот, придонесува за развој на помирен, постабилен и побогат регион, а истовремено промовирајќи ја академската извонредност, интеркултурното разбирање и зачувувањето на јазикот и културата.

Веќе имаме воспоставено партнерства со престижни западни и незападни институции и, не само тоа, ние сме посветени на градење на овие односи додека одиме напред. Ние сме дел од Европската универзитетска алијанса — АУРОРА и секој ден ги растеме билатералните меѓууниверзитетски договори во рамките на платформата Еразмус+.

За време на тригодишниот мандат како ректор ќе се фокусираме на повеќе области клучни за зајакнување и за подобрување на нашите напори за интернационализација, преку развојот на нови партнерства, учество во програми за високо образование ширум Европската Унија (Еразмус+, Хоризонт Европа, COST итн.), активно учество во програми за високо образование на Соединетите Американски Држави (Fulbright, SUSI, JFDP), како и поддршка на програмата/активностите на Американското катче на УТ, продолжување на соработката и учеството во програмите на ЕУА и други глобални програми на високото образование поддржано од Опсерваторијата MagnaChartaUniversitatum, BUA, BSUN, EAAE/AEEA, ELFA итн.

***Соработка со меѓународни универзитети***

Ја препознаваме важноста на соработката со другите универзитети кои го делат нашиот јазик и култура. Веруваме дека со заедничка работа можеме да постигнеме извонредна академска екселенција и да го зајакнеме нашиот заеднички ангажман за промовирање на нашите јазик и култура на меѓународната сцена.

Креирањето заеднички академски програми, истражувачки иницијативи и програми за размена на студентите и кадарот, се само дел од елементите за соработката со сестринските универзитети. Работејќи заедно, можеме да создадеме силна мрежа на универзитети со албански говор коишто можат да се натпреваруваат на светските сцени промовирајќи ги нашите јазик и култура пред пошироката јавност.

***Водечка улога во негувањето на јазикот и на културата***

Како главен центар на националниот ангажман за унапредување и негување на нашите јазик и култура, Универзитетот ја носи одговорноста да има водечка улога во нивната промоција, како во рамките на институцијата, така и во пошироката заедница. Ќе се воспостават партнерства со културни и со образовни организации што споделуваат исти вредности и мисии, истовремено барајќи можности за промоција на нашите јазик и култура на меѓународно ниво.

***Задржување и привлекување меѓународни професори***

Важен приоритет останува приближувањето и задржувањето на истакнати меѓународни таленти во различни области. На тој начин градиме капацитети и човечки капитал.

Универзитетот активно ќе се ангажира да кани познати професори и истражувачи од целиот свет, кои ќе придонесат за зајакнување на академските и на истражувачките капацитети.

***Мисија за поврат на човечки капитал (Brain Gain)***

Повратот на квалитетен академски кадар е дел од нашата стратегија. Тоа влијае врз подобрување на квалитетот на истражувањето и наставата и ја збогатува академската заедница. На тој начин ќе создадеме поволна средина за привлекување и за задржување на најсветлите умови од целиот свет, истовремено негувајќи ги талентите и потенцијалот на студентите и на кадарот.

Генерално, нашата стратегија за повраток на квалитетен академски кадарќе биде водена од принципите на совршеност, инклузивност и соработка и ќе биде клучен двигател на нашите напори да ја унапредиме нашата институција и нашата земја на глобалната сцена.

Во оваа насока, започнавме соработка со Меѓународната организација за миграции, станувајќи дел од управниот комитет во рамките на иницијативата „Поддршка на иницијативите за ангажман на дијаспората за ‘враќање мозоци’ во Северна Македонија“.

***Акционен план во тригодишниот мандат***

- Развој на сеопфатна стратегија за интернационализација која вклучува детална анализа на моменталната состојба, идентификација на областите за подобрување и конкретни цели за идниот развој.
- Почеток на една насочена кампања за регрутирање познати и истакнати професори.

- Зголемување на капацитетите на Одделението за меѓууниверзитетска соработка, за поддршка, развој и администрирање програми и меѓународни соработки.
- Зголемување на меѓуинституционалните договори во рамките на платформата Еразмус+ со престижни европски институции.
- Зголемување на средствата на програмата за мобилност на кадарот и студентите во рамките на Еразмус+.
- Зголемување на бројот на американски професори кои ќе останат на Универзитетот во рамките на програмата Fulbright и FulbrightSpecialist.
